# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СУДСКИОТ БУЏЕТ ЗА 2008 ГОДИНА

Со судскиот буџет се финансира судската власт во Република Македонија. Судскиот буџет е определен како дел од Буџетот на Република Македонија, односно приходите на судскиот буџет се средствата определени од Буџетот на Република Македонија.

Судскиот буџет во својата структура со Буџетот за 2008 година, содржи две програми: програма 20-судска администрација, со која се финансираат сите единки корисници на судската власт (судовите и Судскиот Совет на РМ), и програма-Г5 -Академија за обука на судии и јавни обвинители, кој субјект како дел од судската власт, е надлежен за стручно усовршување на судиите и јавните обвинители.

### *1. Глобални макроекономски показатели за 2008 година за реализација на Буџет судска власт за 2008 година*

Со Ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2008 година, објавен во Сл.весник на Република Македонија бр. 90/2008, за разделот 29010-"Судската власт" извршени се измени на буџетски одобрените средства за 2008 година, со следните показатели:

На ниво на раздел 29010-судска власт, вкупниот буџет (заедно со програмата Г5-Академија за обука на судии и обвинители) со Ребалансот за 2008 година, бележи значително зголемување во апсолутен износ од 152.841.000 денари, односно зголемување за **8.08%** од одобрените средства со Буџетот за 2008 година. Измените беа направени на следните програми и следните категории:

### Програма 20-судска администрација

Категорија 40-плати, наемнини и надоместоци, зголемување за 22.764.000 денари, или за 1,79%;

категорија 42-тековни расходи, зголемување за 95.000.000 денари, или за 60.62%;

категорија 46-трансфери и субвенции е во ист износ како почетно одобрениот буџет за 2008 година;

категорија 48-капитални расходи, **останува на исто ниво** како и основниот буџет за 2008 година, во износ од 50.000.000 денари.

Во текот на годината со Одлука за распределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите за раздел 29010-судска власт за програма 20-судска администрација на ставка 401-Основни плати и надоместоци се зголеми за 20.000.000 денари.

### Програма Г5-Академија за обука на судии и обвинители

Категорија 40-плати, наемнини и надоместоци, се задржи на истото ниво, без промени;

категорија 42-тековни расходи, зголемување од 5.000.000 денари, или за 25.92%;

категорија 48-капитални расходи, **останува на исто ниво** како и основниот буџет за 2008 година, во износ од 1.000.000 денари.




*(графичкиот приказ број 1)*




*(графичкиот приказ број 2)*

Анализата на реализацијата на средствата на судската власт за 2008 година, ***која ја зема во предвид само програмата 20-судска администрација, односно работата на судовите***, ги има во предвид сите категории (*плати, наемнини и надоместоци, тековни расходи и капитални расходи) и* **покажува релативен показател на реализација** во однос на одобрениот ребалансиран буџет за судската власт за 2008 година од **99,12%.**

*А РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТСКИТЕ СМЕТКИ (603/637)*

## 1. ***Категоријата 40-Плати и надоместоци од плати***

***Платите и надоместоците од категоријата 40*** се операционализираат на централно ниво, со одобрени флуктуации во текот на годината. Во делот на планирање и обезбедување на финансиски средства за оваа категорија, во судскиот буџет за 2008 година не се забележани финансиски тешкотии во нејзината реализација, односно исплатата на платите и надоместоците на вработените во судската власт се одвиваше во рамките на буџетски одобрените средства на оваа категорија.

Иако со Законот за Судски Буџет во член 9, став 1, алинеја 3, е дефинирана надлежноста на Судскиот Буџетски Совет во делот на вработувањата, Владата на Република Македонија, конкретно Министерството за финансии и понатаму го дозволува и контролира вработувањето во судската власт со формални согласности, без кои, и покрај обезбедените финансиски средства во тековните фискални години, не е можно вработување на судската администрација.

*Непополнетите места по систематизациите во судовите делумно се пополнија согласно Законот за работни односи и Законот за агенции за привремени вработувања.* Имено, се ангажираа лица на определено време (привремени вработувања по соодветни основи, вработувања со договори на определено време и сл.). Праксата покажува дека најголем недостаток на човечки ресурси во судовите се забележува кај административно-техничкиот персонал (референти-технички секретар на судија, хигиеничари и сл.административен кадар).

Но, со новите законски решенија за привремени вработувања, повторно судската власт се соочува со процедурални проблеми, заради тоа што и за овие привремени вработувања е потребна формална согласност од Министерството за финансии. Од друга страна доколку се обезбедат ваквите согласности, судовите се судруваат со постапките за избор на агенции за вработување и непородуктивните рокови за нивен избор, согласно законот за јавни набавки. Секако мора да се истакне и фактот дека средствата кои се потребни за истите вработени, се одделуваат од масата на средства за материјални трошоци во судовите, бидејќи истите неможат да се вкалкулираат во категоријата за плати и надоместоци. Тоа пак од друга страна создава состојба на неможност од страна на судовите да ги реализираат оперативните трошоци во судовите, заради зафаќање на голем дел од средствата за материјални трошоци за оваа намена и создавање на големи нереализирани обврски кај истите корисници.

Во текот на 2008 година се реализираа вработувања по НПАА програмата, за што Судскиот буџетски совет е информиран на 37 Седница на СБС одржана 29.12.2008 година.

Со категоријата 40 се обезбедија средства за исплата на плати на вработените во судската администрација (тековна состојба), новите вработувања согласно НПАА програмата за 2008 година како и за покачувањето на платите од 10 % што се реализираше согласно Одлуката на Владата на РМ, почнувајќи од септемвриската плата.

**Реализација на категорија 40, за програма 20-судска администрација**

| ставка | буџет | план | реализација | % реал/ буџет | % реал/ план |
|---|---|---|---|---|---|
| 401 | 883.640.000 | 883.576.930 | 883.558.541 | 99.99 | 99.99 |
| 402 | 378.006.000 | 377.873.769 | 377.865.051 | 99.97 | 99.96 |
| 403 | 2.313.000 | 2.306.076 | 2.306.042 | 99.70 | 99.70 |
| вкупно | 1.263.959.000 | 1.263.756.773 | 1.263.729.634 | 99.98 | 99.98 |

**Реализација на категорија 40, за програма Г-5 Академија за обука на судии И јавни обвинители**

| ставка | буџет | план | реализација | % реал/ буџет | % реал/ план |
|---|---|---|---|---|---|
| 401 | 4.109.000 | 4.060.049 | 1.772.776 | 98.81 | 98.81 |
| 402 | 1.800.000 | 1.772.776 | 1.772.776 | 98.49 | 98.49 |
| 403 | 12.000 | 10.909 | 10.909 | 90.91 | 90.91 |
| вкупно | 5.921.000 | 5.843.734 | 5.843.734 | 98.70 | 98.70 |

2. ***Категорија 42-тековни расходи (стоки и услуги)***

***Категоријата 42-тековни расходи (стоки и услуги) за 2008 година*** е најдинамичната категорија во рамките на судскиот буџет. Алокацијата на средствата за тековни расходи по единки корисници, е направена согласно утврдените потреби за единките корисници на судската власт, следењето на трошоците и динамиката на реализација на истите по судови во изминатиот временски период и заостанатите нереализирани обврски на единките корисници во рамките на истата.

Имено, согласно состојбата на сметките на единките корисници со 31.12.2008 година, анализата може да утврди повеќе видови на степени на реализација на буџетските одобрени средства: според одобрениот буџет, според одобрениот план и просечен степен на реализација на годишниот буџет за секој суд поединечно.

Оттука можноста за утврдување на структурното учество на секој суд поединечно во одобрените буџетски средства, во одобрениот план годишен и во реализацијата на ставките.

Почетниот буџет за 2008 година за судската власт за оваа ставка во текот на годината беше корегиран, односно со Ребалансот на буџетот за 2008 година (Сл.весник бр.90/08) зголемен за 56.82 %, а со цел подобрување на финансиската сосотојба на судовите и навремено плаќање

на обврските. Односно, од почетните одобрени со буџет 176.000.000 денари, со ребалансот се одобрија дополнителни 100.000.000, односно Ребалансот изнесуваше 276.000.000 денари.

Во текот на годината беа извршени неколку пренамени во рамките на на оваа категорија а со цел максимално искористување на средствата и тоа

**1.пренамена** од ставка 426-Други тековни расходи , а на ставка 423-Ситен инвентар, алат и др. материјали во износ од 806.000 денари,

2. ***пренамена*** од ставка 464-тековни трансфери а на ставка 421-Комунални услуги, греење и комуникации, во износ од 2.250.000 денари

**3. пренамена** од ставка 424-Поправки и тековно одржување, а на ставка 423-Ситен инвентар, алат и др.материјал за поправка во износ во износ од 1.000.000 денари;

**4. пренамена** од ставка 481-градежни објекти износ од 565.000 и ставка 482- износ од 640.000, а на ставка 425 во вкупен износ од 1.205.000 денари

**Реализација на категорија 42, за програма 20-судска администрација**

| ставка | буџет | план | реализација | % реал/ буџет | % реал/ план |
|---|---|---|---|---|---|
| **420** | **2.652.000** | **2.652.000** | **2.369.847** | **91.39** | **91.39** |
| **421** | **102.235.000** | **102.235.000** | **101.527.373** | **99.59** | **99.59** |
| **423** | **23.625.000** | **23.625.000** | **22.772.952** | **99.11** | **99.11** |
| **424** | **12.930.000** | **12.930.000** | **12.411.785** | **98.50** | **98.50** |
| **425** | **108.841.000** | **108.841.000** | **106.676.575** | **99.74** | **99.74** |
| **426** | **4.881.000** | **4.881.000** | **4.446.397** | **94.00** | **94.00** |
| **вкупно** | **255.164.000** | **255.164.000** | **250.204.929** | **98.06** | **98.06** |

***Забелешка:*** Извршените пренамени на буџетските средства во текот на годината, за раздел 29010-судска власт, предизвикуваат измени во одобрените средства кај буџетските корисници. Конечните одобрени средства, согласно учеството на секој суд во распределбата на средствата на судскиот буџет состојба 31.12.2008 година, *треба да се сублимира во Измена на годишната распределба на средствата за 2008 година за единките корисници на судската власт за буџетските сметки. Советот Измената ја одобрува со Одлука.*

Во прилог на овој Извештај е даден преглед на реализацијата на категорија 42 по единки корисници од аспект на конечно одобрен буџет, реализација и остаток (неискористени средства) како и неизмирените обврски на секоја единка корисник-состојба од 31.12.2008 година. Приоритет во одобрувањето дополнителни средства во текот на 2008 година се даде на ОС Скопје 1 (со оглед зголемениот обем на работа поради борба со организираниот криминал и корупцијата како и

заостанатите обврски) и ОС Куманово (суд со најголеми неизмирени обврски во претходниот период). Понатаму, карактеристично е што неколку судови, и покрај дополнително одобрениот буџет, годината ја завршија со обврски (секој поединечно над 1.000.000 денари), додека има единки корисници кои и со помал буџет за 2008 година, истата ја завршија без нереализирани обврски.

Она што е карактеристично за ставката 425-Договорни услуги е што во текот на 2008 година и покрај реализацијата на НПАА програмата со која се врши кадровско зајакнување на судовите (вработување непополнети работни места согласно Правилниците за систематизација на работните места) и понатаму продолжува трендот на времено ангажирање лица и одлив на средства по овој основ. Ова негативно се одразува на сервисирањето на другите обврски во рамките на оваа ставка (порота, вештачења, услуги за превод, адвокати по службена должност и сл).

**Реализација на категорија 42, за програма Г-5 Академија за обука на судии и јавни службеници**

Во рамките на категорија 42, за програма Г-5 во текот на годината беа направени неколку пренамени И тоа:

1. Пренамена од ставка 420-Патни и дневни услуги износ од 845.550 денари и 426 Други тековни расходи износ од 657.600 денари, а на ставка 425 Договорни услуги износ од 1.503.150 денари.
2. Од ставка 421 износ од 300.000, а на ставка 483
3. Од ставка 401 износ од 720.000 И ставка 402 износ 200.000, а на ставка 481 износ од 920.000

За програма Г5-Академија за обука на судии и јавни обвинители ставка 425-Договорни услуги се зголеми за 1.200.000 денари, а ставка 426-Други тековни расходи се намали за 1.200.000 денари.

**Реализација на категорија 42, за програма Г-5 Академија за обука на судии И јавни обвинители И нивни заменици**

| ставка | буџет | план | реализација | % реал/ буџет | % реал/ план |
|---|---|---|---|---|---|
| 420 | 4.791.450 | 4.791.450 | 3.455.415 | 72.12 | 72.12 |
| 421 | 2.212.000 | 2.212.000 | 2.191.221 | 99.06 | 99.06 |
| 423 | 1.956.000 | 1.956.000 | 1.956.000 | 100.00 | 100.00 |
| 424 | 278.000 | 278.000 | 278.000 | 100.00 | 100.00 |
| 425 | 12.172.150 | 12.172.150 | 12.039.100 | 98.91 | 98.91 |
| 426 | 2.526.400 | 2.526.400 | 2.181.268 | 86.34 | 86.34 |
| вкупно | 23.936.000 | 23.936.000 | 22.101.004 | 92.33 | 92.33 |

**3. Категорија 46-субвенции И трансфери**

Во рамките на оваа категорија се вршеше исплата на извршните и правосилните решенија , со одобрување на план за единките корисници по добивање на комплетна документација. Исто така од оваа ставка се изврши исплата и на јубилејните награди на судиите, согласно Законот за плати на судии.

Искуството покажа дека планирањето на оваа ставка е сосема оправдано и реално и дека во услови на примена на Законот за извршување, во многу е олеснета работата на судовите со тоа што по блокирањето на сметката на било која единка корисник, периодот на деблокирање е релативно краток. Истовремено не се нарушува буџетот на другите ставки на единката корисник, со што не се задира во планираната динамика на трошење на другите ставки.

**Реализација на категорија 46, за програма 20-судска администрација**

| Ставка | буџет | план | реализација | % реал/ буџет | % реал/ план |
|---|---|---|---|---|---|
| 464 | 49.750.000 | 49.091.965 | 49.091.965 | 98.68 | 98.68 |
| | | | | | |

Со цел исплата на јубилејните плати се изврши пренамена од ставка 401-Основни плати, а на ставка 464-Разни трансфери во износ од 37.000.000 денари.

Во врска со реализацијата на оваа ставка од аспект на извршните и правосилни решенија, карактеристично е што неколку суда имаат многу висока реализација на оваа ставка (над 1.000.000 денари поодделно), а и покрај тоа прикажуваат нереализирани обврски.

**Реализација на категорија 46, за програма за програма Г-5 Академија за обука на судии и јавни службеници**

Реализацијата на оваа ставка за програмата за програма Г-5 Академија за обука на судии и јавни службеници се однесува само на исплата на јубилејни плати.

***5. Ккатегоријата 48-капитални расходи***

Во буџетот на судската власт за 2008 година, на категоријата 48-капитални расходи, за Програма 20-судска админстрација беа одобрени ***50.000.000*** денари и за Програма Г5 - Академија за судии и обвинители ***1.000.000*** денари, односно вкупно за капитални инвестиции беа предвидени ***51.000.000*** денари.

Годишната програма за инвестирање од буџетот за судската власт за 2008 година опфати широк спектар инвестициони активности за

подобрување на условите за работа на вработените во судските институции, а во насока на поддршка на реформите на судството во Република Македонија.

***<u>1. Капитални инвестиции за Програма 20 - судска администрација</u>***

Годишната Програма за инвестирање од буџетот за судска власт за 2008 година - во делот за Програма 20 - судска администрација беше со следната распределба:

- за ставка ***481-градежни објекти*** е планиран износ од ***31.165.000 денари (*** 86,75% од буџетски одобрените *36.000.000 денари)*;

1. за ставка ***482-други градежни објекти*** е планиран износ од ***10.142.000 денари*** ( 151,37% од буџетски одобрените *6.700.000 денари)*;

2. за ставка ***483-купување на мебел, опрема, возила и машини*** е планиран износ од *8.693.000 денари* ( 119,08% од буџетски одобрените *7.300.000 денари)*.

Вкупната распределба на капиталните расходи се планираше со 100%, односно во апсолутен износ од ***50.000.000*** денари. Внатрешните прелевања помеѓу ставките во рамките на категоријата капитални расходи, се спроведуваат со одлука на Судскиот буџетски совет, а согласно трезорското работење и Законот за извршување на буџетот на РМ за 2008 година.

Со донесувањето на Годишната инвестициона програма за 2008 година:

- се реализираа нереализираните обврски и постапки започнати во 2007 година, според Програмата за инвестирање во судовите за 2007 година;

- се операционализираа градежните инвестициони проекти кои беа во тек, а кои во континуитет ќе продолжат и во 2009 година;

- се планираа средства за неопходни реконструкции и санации на судските згради, судници, административен простор во судовите, пристап за хендикепирани лица до судските згради и сл.;

- се предвиде обновување на архивски простории; набавка на неопходно потребниот мебел за опремување на судските згради, и подобрување и осовременување на различните видови инсталации во судските згради.




*ПРИОРИТЕТНИТЕ НОВИ КАПИТАЛНИ РАСХОДИ* во Инвестиционата програма за 2008 година (ставка 481 и 482), се планираа за веќе почнати инвестициони активности кои континуирано мораа да продолжат, за приоритети планирани во контекст на новиот Закон за судовите во Република Македонија, како и за други инвестициони барања на судовите и другите единки корисници за подобрување на основните услови за работа во судските згради. Меѓу покрупните инвестиции се активностите за продолжување на надградбата на Основниот суд Гостивар заради обезбедување доволно простор за новиот Апелационен суд Гостивар, промена на кровна покривка во АС Битола и ОС Кичево, промена на прозорци во АС Битола, ОС Радовиш и ОС Берово, изведба на едношалтерски систем во ОС Крива Паланка и ОС Дебар.

Инвестиционата програма за 2008 во овој дел е планирана во координација со активностите на Проектот на Светската банка за правна и правосудна имплементација и институционална поддршка во делот на компонентата за подобрување на судската инфраструктура, преку кој во 2008 година беа реновирани следниве шест судови со проширена надлежност - ОС Велес, ОС Тетово, ОС Охрид, ОС Струга, ОС Штип и ОС Струмица.

*ВО ДЕЛОТ НА ОПРЕМУВАЊЕТО НА СУДОВИТЕ* во Инвестиционата програма за 2008 година, (ставка 483), беа инволвирани најприоритетните потреби од опрема, мебел, и др. основни средства за работа, а најголем дел од расходите беа наменети за информатичка опрема и за климатизација на судовите.

По усвојувањето на Годишната програма за инвестирање во судовите за 2008 година, единките корисници на судската власт, како носители на јавните набавки, а согласно решенијата за обезбедени финансиски средства за инвестициони активности за 2008 година, ги спроведуваа соодветните активности:

- набавките се реализираа со спроведување на соодветни постапки за јавни набавки, согласно Законот за јавни набавки;
- документацијата од спроведените постапки за јавни набавки и останатата документација за реализација на инвестиционите активности во судовите се доставува до Секторот за судски буџет;

- исплатата на средствата за изведените работи согласно договорите за градење, доставените времени ситуации/фактури, изготвените записници за завршените работи, се спроведуваше од раздел 29010-судска власт, сметка судски буџет, програма 20-судска администрација, категорија 48- капитални расходи.

Анализата на инвестиционите активности на единските корисници покажа дека заклучно со ***01.08.2008 година***, реализацијата на Годишната инвестициона програма за 2008 година во делот на Програма 20 - судска администрација е со релативен показател од ***31,03%***, односно дека до тогаш се потрошени ***15.515.932,00 денари.***

*ПРОШИРУВАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИОНАТА ПРОГРАМА* е направено во септември 2008 година. Согласно ***Одлука на Владата на РМ*** *за поддршка на проектот* ***за спроведување на интернет во судовите, направена е пренамена на средства (согласност од Министерство за финансии бр. 07-34677/2 од 17.09.2008 год.)*** *во износ* ***од 11.700.000 денари*** *во рамките на судскиот буџет* ***во полза на ставка 483-****купување на мебел, опрема, возила и машини.* Со тоа вкупната вредност на капитални инвестиции во делот на Програмата 20 се зголемува на ***61.700.000,00*** денари, а средствата предвидени на ставката ***483*** стануваат ***20.393.000,00*** денари. (Остатокот на средствата потребни за затворање на финансиската конструкција на проектот за воведување на интернет се обезбедени со реалокација на средства помеѓу судовите во рамките на ставката *481-градежни објекти* во износ од ***5.313.500,00*** денари, која е усвоена на 35-тата седница на Судскиот буџетски совет.)

Наредна пренамена во рамките на Годишната програма за инвестирање во судовите во 2008 година е направена во ноември (***согласност од Министерство за финансии бр. 07-41051/2 од 03.11.2008 год.)*** со што е потврдено внатрешното прелевање по ставки направено при планирањето на Програмата.

Натамошното следење на инвестиционите активности покажа дека заклучно со ***10.11.2008*** година, Програмата за инвестирање во судовите за 2008 година е со реализација од ***56,36%,*** односно потрошени се ***34.772.382,00 денари***. Проекцијата и следењето на планираните инвестициони активности во судовите до крајот на 2008 година предвидуваа реализација од ***66,20%,*** односно ***40.840.741,00 денари***, што покажа остаток од ***20.859.259,00 денари*** и тоа:

- на ставка ***481-градежни објекти*** во износ од **7.477.750,00 денари**;
- на ставка ***482-други градежни објекти*** во износ од **1.402.995,00 денари** и
- на ставка ***483-купување на мебел, опрема, возила и машини*** во износ од **11.978.514,00 денари**.

*ИЗМЕНА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ* е направена на 36-тата седница на Судскиот буџетски совет одржана на 12.11.2008 година, на која што, меѓу другото, предмет на разгледување

беше проектираниот остаток од Програмата. Масивниот обем на остатокот се должи на тоа што е установено дека планираната набавка за поддршка на проектот на Владата за воведување на интернет во судовите не може да биде завршена до крајот на 2008 година. Судскиот буџетски совет на седницата донесе заклучок, според кој го овласти претседателот на СБС да ги распредели средствата од остатокот.

Со цел максимално искористување на буџетските одобрени средства за инвестициони активности во судовите изготвената Измена на инвестиционата годишна програма во судовите за 2008 година е со следните акценти:

- реализација на сите дополнителни барања доставени од судовите во текот на година заради непредвидени инвестициони активности во судовите, кои реално можат да се завршат до крајот на фискалната година;

**3.** заокружување на сите тековни измени на активностите во судовите, како заради промена на намената на одобрените средства, така и заради дополнителните активности по извршените инвестиции, кои се регулирани со анекс договори;

**4.** изведување на пристапни рампи за хендикепирани лица до влезовите на сите судови, каде што тоа беше потребно.

Измената на Годишната инвестициона програма во судовите за 2008 година е писмено доставена, согласно Законот за судски буџет, до Министерството за финансии, Владата на Република Македонија и до Собранието на Република Македонија.

*КОНЕЧЕН ОБЕМ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ* е добиен со последната пренамена во декември 2008 година (***согласност од Министерство за финансии бр. 07-46582/2 од 10.12.2008 год.)***, направена со цел максимално рационално искористување на финансиските средства во рамките на буџетот за судска власт. Со тоа конечно вкупната вредност на Годишната програма во делот на Програмата 20 - судска администрација изнесува ***60.495.000,00*** денари и е со следната распределба:

- на ставка ***481-градежни објекти*** износ од ***30.600.000,00*** денари;

- на ставка ***482-други градежни објекти*** износ од ***9.502.000,00*** денари и

- на ставка ***483-купување на мебел, опрема, возила и машини*** износ од ***20.393.000,00*** денари.




*КОНЕЧНАТА РЕАЛИЗАЦИЈА* на инвестиционите активности во судовите до крајот на 2008 година, покажува остварување со релативен показател од ***90,72%,*** односно ***54.879.772,00 денари.***

2. ***Капитални инвестиции за Програма Г5 - Академија за судии и обвинители***

Годишната Програма за инвестирање од буџетот за судска власт за 2008 година - во делот за Програма Г5 - Академија за судии и обвинители предвидуваше инвестиции во износ од ***1.000.000*** денари и беше со следната распределба:

- за ставка ***481-градежни објекти*** е планиран износ од ***500.000 денари (*** 100% од буџетски одобрените *500.000 денари)*;

5. за ставка ***483-купување на мебел, опрема, возила и машини*** е планиран износ од ***500.000 денари*** ( 100% од буџетски одобрените *500.000 денари)*.

Капиталните расходи по Програмата Г5, според извештајот на Академијата за обука на судии и обвинители од ***16.06.2008*** се реализирани со релативен показател од ***93,07%***. Според доставените барања за дополнителни инвестиции се направени две пренамени во износ од ***1.220.000,00*** денари (***согласности од Министерство за финансии бр. 07-41997/2 од 13.11.2008 год. и бр. 07-43054/2 од 14.11.2008 година)***. Со тоа, Годишната програма за инвестирање во 2008 година во овој дел е проширена на ***2.220.000*** денари.

Конечната реализација до ***30.12.2008*** година на овој дел од програмата е со релативен показател од ***99,17%,*** односно потрошени се вкупно ***2.201.297,00*** денари.

*ВКУПНАТА* ***КОНЕЧНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ*** *ОД БУЏЕТОТ ЗА СУДСКА ВЛАСТ ВО 2008 ГОДИНА СО ВРЕДНОСТ ОД* ***62.715.000*** *ДЕНАРИ ИЗНЕСУВА* ***91,02%.***

***ЗАКЛУЧОЦИ за успешноста во операционализацијата на судскиот буџет за 2008 година и насоки за понатамошно спроведување на судскиот буџет:***

- ***почетниот буџет*** за судската власт за 2008 година беше ***недоволен за остварување на основната функција на судовите***;
- ***во текот на годината се превземаат активности*** со одлуки на Судскиот Буџетски Совет заради ублажување на состојбата во тековните расходи на судовите
- следејќи ја состојбата по единки корисници преку АБМС-от, ***извршени се бројни реалоцирања на средства во рамките на категоријата 42-тековни расходи,*** со цел рационално искористување на одобрените финансиски средства;

***со Ребалансот*** на буџетот за 2008 година ***дополнително е ублажена е состојбата на недостаток на средства за категорија 42-тековни расходи*** со одобрен ребалансиран буџет

- Во 2008 година, вкупно нереализираните обврски во месец јули достигнаа највисоко ниво од постоењето на судскиот буџет и изнесуваа 129.009.000 денари. **По извршената корекција на судскиот буџет со Ребалансот на РМ за 2008 година и користењето на законските можности за пренамена на слободните парични средства помеѓу судовите долговите се намалени на крајот на годината за 59,68%.** Изразено во апсолутни цифри заклучно со 31.12.2008 година, нереализираните обврски за судовите во РМ изнесуваат 28.613.200.000 денари.

Обврските над 60 дена, заклучно со 31.12.2008 година, изнесуваат 15.267.974 денари се со учество од 53.36%.

- ***работењето на судовите во 2008 година, е со континуирани редовни ревизиски контроли од Внатрешната ревизија во судската власт и Заводот за државна ревизија на Република Македонија.*** По извршените контроли и констатираните неправилности во процесот на извршувањето на судскиот буџет во судот, судовите имаат обврска во законски предвидените рокови истите да ги отстранат, за што е потребо да ја известат Стручната служба на СБС и органите кои спроведуваат контроли.

- ***контрола на извршувањето на судскиот буџет*** се врши и согласно одредбите од Законот за буџетите, Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија и трезорскот работење во Република Македонија.
- ***перманентно исполнување на одредбите од Рамковниот Договор,*** во однос на примената на јазикот на припадниците на заедниците и начелото на соодветна и правична застапеност;

### *Б. РЕАЛИЗАЦИЈА на сопствените приходи на судовите за 2008 година*

Со судскиот буџет определен како дел од Буџетот на Република Македонија, покрај редовното работење на судовите се планира, усвојува и операционализира и буџетот на сопствените приходи на судовите. Тие се однесува на планирање и операционализирање на приходи кои судовите самостојно ги остваруваат, а со кои приходи се потпомага остварувањето на дејноста на судската власт, како дополнителен извор на средства.

При проектирањето на буџетот на сопствените приходи за 2008 година се зедоа во предвид следните основи на приходи

- приходите остварени од надомест на трошоци за судска и прекршочна постапка
- приходи остварени од други неданочни приходи;
- приходи од одземени средства по посебни прописи;
- приходи од осигурувања на имот;
- приходи остварени од други владини услуги

и буџетот се предвиде во износ од 75.672.000 денари. Но, со оглед дека согласно **Упатството за начин на евидентирање, распределување и поврат на јавни приходи (Сл.весник на РМ бр. 8/06, 42/06, 54/07)**, уплатата на надоместокот на трошоците за судска и прекршочна постапка се уплатуваат директно во буџетот на РМ со Ребалансот се изврши корекција и се проектираше на 21.502.000 денари. Согласно Одлуката за распределба на буџетот на единки корисници за приходите остварени од сопствени приходи план се одобруваше по барање на единките корисници. Увидот во прибирањето на средства по овој основ покажа дека единките корисници реализираат многу помал прилив на средства на сопствените сметки и ова негативно се одрази на вкупната состојба во судовите. Вкупната реализација изнесува 8.893.029 денари, при што најголем износ од овие средства беа пренесени салда од претходната година.

*Распределбата на сопствените приходи* на судовите е направена согласно Одлуката за распределба на буџетот на единки корисници за приходите остварени од сопствени приходи буџетски одобрените средства за сопствени приходи за 2008 година, а истите *се користат пред се за покривање на тековните расходи на судовите.*

| **ставка** | **буџет** | **план** | **реализација** |
|---|---|---|---|
| **420** | **330.000** | **330.000** | **190.350** |
| **421** | **7.400.000** | **7.400.000** | **3.377.510** |
| **423** | **7.000.000** | **7.000.000** | **3.500.958** |
| **424** | **1.500.000** | **1.500.000** | **464.064** |
| **425** | **4.272.000** | **4.272.000** | **1.203.060** |
| **426** | **1.000.000** | **1.000.000** | **157.087** |
| | | | **8893029** |

Важно за напомена е следното: неискористените средства на сметките за сопствени приходи, со почнувањето на новата буџетска и фискална година, односно салдата на овие сметки се пренесуваат со можност за трошење во 2008 година.

*Скопје, МАРТ 2009*

**Сектор за Судски Буџет**